# Нацрт А-интегрирана еколошка дозвола

---

Име на компанијата

Живинарска фарма Живино-пром ДОО Штип
Адреса Ул. Рибник бр. 100, 2000 Штип

Број на дозвола

# Содржина

Содржина ..... 2

Речник на користени поими ..... 3

Вовед ..... 8

1 Инсталација за која се издава Дозволата ..... 15

2 Работа на инсталацијата ..... 17
2.1 Техники на управување и контрола ..... 17
2.2 Суровини (вклучувајќи и вода) ..... 18
2.3 Техники на работа ..... 18
2.4 Заштита на подземните води ..... 19
2.5 Ракување и складирање на отпадот ..... 19
2.6 Преработка и одлагање на отпад ..... 21
2.7 Енергетска ефикасност ..... 21
2.8 Спречување и контрола на несакани дејствија ..... 22
2.9 Бучава и вибрации ..... 23
2.10 Мониторинг ..... 23
2.11 Престанок на работа ..... 24
2.12 Инсталации со повеќе Оператори ..... 24

3 Документација ..... 25

4 Редовни извештаи ..... 29

5 Известувања ..... 28

6 Емисии ..... 29
6.1 Емисии во воздух ..... 29
6.2 Емисии во почва ..... 30
6.3 Емисии во вода (различни од емисиите во канализација) ..... 30
6.4 Емисии во канализација ..... 31
6.5 Емисии на топлина ..... 31
6.6 Емисии на бучава и вибрации ..... 31

7. Пренос до пречистителна станица за отпадни води ..... 32

8. Услови надвор од локацијата ..... 33

9. Програма за подобрување ..... 34

10. Договор за промени во пишана форма ..... 38

Додаток 1 ..... 37

Додаток 2 ..... 40

Додаток 3 ..... 41

## Речник на користени поими

| | |
|---|---|
| **Аеросол** | Суспензија на цврсти и течни честички во гасен медиум. |
| **Атмосферска вода** | Дождовна вода што дотекува од покриви и места каде што не се одвиваат процесите |
| **Барање** | Барањето поднесено од страна на Операторот за оваа Дозвола |
| **Би-годишно** | Цел или дел од шест последователни месеци |
| **БПК$_5$** | Биолошка потрошувачка на кислород за 5 дена |
| **ВОЈ** | Вкупен Органски Јаглерод |
| **ГИЖС** | Годишен извештај за животна средина |
| **Годишно** | Приближно во интервали на 12 месеци<br>Период или дел од период од 12 последователни месеци |
| **Градежен отпад и отпад од рушење** | Отпад што потекнува од градење, реновирање и рушење: глава 17 од националниот каталог на отпади или како што е договорено на друг начин. |
| **Гранични вредности на емисија** | Оние гранични вредности на емисија кои се дадени во Поглавје 6 од оваа Дозвола |
| **Граница за масен проток** | Гранична вредност на емисија која е изразена како максимална маса на една супстација што може да биде емитирана во единица време. |
| **ГХ/МС** | Гасна хроматографија / Масена спектрометрија |
| **dBA** | Децибели |
| **Двегодишно/ биенално** | Еднаш на секои две години |
| **Ден** | Секој период од 24 часа |
| **Дневно** | За време на сите денови од работата на инсталацијата и во случај на емисии, кога емисиите се одвиваат; со најмалку едно мерење во било кој еден ден. |
| **Дневно време** | Периодот од 08.00 до 22.00 (сите промени треба да се одразат |

| | |
|---|---|
| | на дефиницијата за ноќно време). |
| **Договор** | Писмен договор |
| **Документација** | Секој извештај, запис, податок, слика, предлог, интерпретација или друг документ во пишана или електронска форма кој се бара со оваа Дозвола. |
| **Еколошка штета** | Согласно дефиницијата за еколошка штета во член 5 точка 51 од Законот за животна средина |
| ЕС | Електро-спроводливост (μС/см) |
| ЕФТ | Еквивалентен Фактор на Токсичност |
| **Индустриски не опасен отпад** | Согласно дефиницијата за индустриски неопасен отпад” во член 6 од Законот за управување со отпад: Индустриски неопасен отпад е отпадот што се создава при производствените процеси во индустријата и не содржи опасни карактеристики, а според својствата, составот и количеството се разликува од комуналниот отпад. |
| **Инсталација** | Согласно дефиницијата за инсталација од член 5 точка 35 од Законот за животна средина:<br>- во однос на интегрираните еколошки дозволи, е неподвижна техничка единица каде што се вршат една или повеќе пропишани активности и активности кои се непосредно поврзани со нив, а кои би можеле да имаат ефект врз емисиите и врз загадувањето;<br>- во однос на спречувањето и контролата на хавариите со учество на опасни супстанции, инсталација е техничка единица во рамките на еден систем во кој се произведуваат, употребуваат, складираат или се ракува со опасни супстанции. Таа ја вклучува целокупната опрема, објектите, цевководите, машините, алатките, приватните железнички споредни колосеци, станиците за истовар кои ја опслужуваат инсталацијата, складовите или сличните градби, потребни за работа на инсталацијата. |
| ИСКЗ | Интегрирано спречување и контрола на загадувањето |
| **Инцидент** | (а) итен случај;<br>(б) секоја емисија што не е во согласност со условите од оваа Дозвола;<br>(в) секое ниво, дадено во ова Дозвола, а е достигнато или надминато, и<br>(г) секоја индикација дека загадување на животната средина се случило или може да се случи. |
| К | Келвин (единица мерка за температура) |

| | |
|---|---|
| **Капацитет/ опрема за задржување** | Опрема наменета за задржување на евентуално истечен материјал. |
| **Квартално** | Цел или дел од период од три последователни месеци, почнувајќи од првиот ден на Јануари, Април, Јули или Октомври. |
| **kPa** | Кило Паскали |
| **Leq** | Еквивалентно континуирано ниво на звук |
| **Локација чувствителна на бучава (ЛЧБ)** | Секоја населена куќа, хотел или хостел, болници, училишта, верски објекти, или било други места и објекти за кои е потребно отсуство на бучава со нивоа кои предизвикуваат непријатност. |
| **Македонски каталог на отпад / Листа на видови отпади (ЛВО)** | Листа на видови отпади, Службен весник бр.100/05 |
| **Месечно** | Минимум 12 пати во текот на една година, приближно во месечни интервали |
| **МЖСПП** | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| **Надлежен орган** | Орган надлежен за издавање на ИСКЗ дозволи |
| **НДТ** | Најдобри Достапни Техники |
| **Неделно** | За време на сите недели од работата на инсталацијта и во случај на емисии, кога има емисија; со минимум едно мерење во било која недела |
| **Ноќно време** | Од 22.00 до 08.00 часот (сите промени треба да се одразат на дефиницијата за дневно време) |
| **Одржување** | Чување во добра состојба, вклучувајќи и редовна инспекција, сервисирање, калибрација и поправки доколку се потребни, со цел адекватно да се извршува функцијата |
| **Оператор** | Согласно дефиницијата за „Оператор” од член 5 точка 40 од Законот за животна средина: - секое правно или физичко лице кое врши професионална активност, или врши активности преку инсталацијата и/или ја контролира, или лице на кое му се доверени или делегирани овластувања за донесување економски одлуки во однос на активноста или техничкото работење, вклучувајќи го и носителот на Дозволата или овластување за таквата активност, односно лицето кое е задолжено да регистрира |

| | |
|---|---|
| | или алармира за активноста. |
| **Праг за масен проток** | Количина на масен проток, над која се применува ограничување со МДК |
| **ПРЕО** | Проценка на ризикот од еколошка одговорност |
| **Прилог** | Секое повикување на Прилог од оваа Дозвола се однесува на прилозите поднесени како дел од оваа Дозвола |
| **Примерок** | Доколку контекстот на оваа Дозвола не кажува нешто спротивно, примерокот ќе вклучи мерење со електронски инструменти |
| **ПСОВ** | Пречистителна Станица за Отпадни Води |
| **ПУЖС** | Програма за Управување со Животната Средина |
| **ПУР** | План за Управување со Ризици |
| **ПУРЗ** | План за Управување со Ризикот по Затворање |
| **Работни часови** | Часови/време во кое инсталацијата има Дозвола/е овластена да работи |
| **РИПЗМ** | Регистер на Испуштање и Пренесување на Загадувачки Материи |
| **РК** | Растворен кислород |
| **Санитарен/ комунален ефлуент** | Отпадни води од тоалетите, местата за миење и кантината во инсталацијата |
| **СИСП/IPC** | Спректроскопија со Индуктивно Спрегната Плазма |
| **Слика** | Секое повикување на слика или број на слика значи слика или број на слика содржани во барањето, освен ако не е на друг начин договорено |
| **Соодветно осветлување** | 20 лукса, мерено на ниво на почва |
| **Стандардна Метода** | Национална, европска или интернационално признаена процедура (пр. EN, ISO, CEN, BS или еквивалентно). |
| **Течен отпад** | Било кој отпад во течна форма и што содржи помалку од 2% сува материја. |
| **Тешки метали** | Тешки метали се група на елементи меѓу бакар и бизмут во периодниот систем на елементи - со специфична густина |

| | |
|---|---|
| | поголема од 4.0 $g/cm^3$ |
| ХПК | Хемиска потрошувачка на кислород |
| CEN | Comité Européen De Normalisation - Европска Комисија за стандардизација |
| **Часови за прифаќање на отпад** | Часови во кои на инсталацијата и е дозволено да прифаќа отпад |

# Вовед

## Овие воведни белешки не се дел од Дозволата

Следната Дозвола е издадена согласно Законот за животна средина (Службен весник на РМ бр..53/05,81/05,24/07,159/08,83/09,48/10,124/10,51/11,123/12,93/13,187/13,42/14,44/2015,129/15,192/15 и 39/16), за работа на инсталација што извршува една или повеќе активности наведени во Уредбата на Владата за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка Дозвола односно Дозвола за усогласување со оперативен план и временски Додаток за поднесување на барање за усогласување со оперативен план (Службен весник на РМ, бр. 89/2005), до одобреното ниво во Дозволата.

### Краток опис на инсталацијата регулирана со оваа дозвола




Местоположба на инсталацијата

Инсталацијата преставува фарма за одгледување на кокошки несилки,за производство на конзумни јајца .
Својата активност Инсталацијата ја извршува во рамките накомпанијата Живино пром ДОО Штип.
Основна дејност на Инсталацијата е:
- Одгледување на живина (01.2/01.24), и тоа: Одгледување на кокошки несилки за производство на конзумни јајца
Операторот, нема имплементирано системи за управување со квалитетот, управување со животната средина или за безбедност на храната.
Фармата за одгледување на кокошки несилки е изградена во 1970година, кога е извршена и набавка (инсталација) на опремата за одгледување на кокошки несилки и линиите за сортирање на јајца.
Техничкиот (инсталиран) капацитет на Фармата за одгледување на кокошки несилки изнесува 108.000 места, распоредени во 6 еднакви објекти.
Според основната дејност на Инсталацијата, може да седиференцираат два основни процеси, и тоа:
- Одгледување на кокошки несилки за производство на конзумни јајца,
- Сортирање и пакување на конзумните јајца, наменети за исхрана на луѓето.
Технолошката постапка на одгледување на кокошки несилки опфаќа повеќе технолошки фази, и тоа:
- Вселување на живината во објектите за одгледување,
- Хранење и поење на живината (јарки-кокошки несилки),
- Заштита на јатото,
- Манипулација на јајцата во објектите за одгледување,
- Изѓубрување,
- Постапка со умрената живина,
- Празнење на објектите за одгледување (иселување на живината),
- Припрема на објектите за одгледување за ново вселување.

Сортирањето на јајцата е автоматизирано, а пакувањето во картонски подлошки и транспортни кутии е рачно.
Има инсталирана опрема за печатење (кодирање) на јајцата.
Процесот на сортирање и пакување на јајцата се одвива во повеќефази, и тоа:
- Прием на јајцата во сортирницата,
- Лампирање на јајцата,
- Сортирање на јајцата по тежина,
- Печатење на јајцата,
- Пакување на јајцата во поединечни влошки,
- Пакување на влошките со јајца во картонски кутии и
- Транспорт на спакуваните јајца до магацинот за привремено чување на јајца,
- Складирање на јајцата и
- Експедиција (испорака) на јајцата
Јајцата, од објектите за одгледување на кокошки несилки, се собираат рачно и се носат на сортирање. Јајцата во сортирницата и ги носат на збирна маса, на која се врши прва инспекција на јајцата (визуелно одстранување на јајца со несоодветен квалитет).
Заради непречено одвивање на процесот на производството, во халитена инсталацијата, суровините, меѓупродуктите и производите сескладираат во складови распоредени низ кругот на инсталацијата
според природата на складираниот материјал. Зависно од материјалот складовите се покриени, сосема затворени или пак се цистерни и резервоари.
Видовите на отпад кои настануваат при нормално функцинирање на

Инсталацијата се:
- животински измет,
- умрени птици,
- ветеринарен отпад (отпад од вакцините и лековите),
- лушпи од јајца,
- отпадна хартија,
- комунален отпад (од управна зграда и пропратни објекти),
- отпадна вода од перење на објектите.

Видови на опасен отпад, како и отпад кој може да се препродаде или пак рециклира, а кои се јавуваат при работењето на инсталацијата се :
- отпадни масла од возилата
- отпадни гуми
- метален отпад.

Најголемата количина на цврст отпад во живинарската фарма доаѓа од самата живина во вид на животински измет. Ваквиот тип на отпад од објектите, со помош на скреперите се собира (повлекува) од каналите,поставени долж батериите (под секоја батерија се наоѓа канал за собирање на животинскиот измет, кое по слободен пад паѓа од кафезите) и се исфрла надвор од објектите за одгледување.

Исфрлениот животински измет, со помош на кос елеватор со пречки тн. вжирафаг се утовара во тракторска приколка, а потоа со помош на субконтрактори, приватниот сектор заинтересиран за ваквиот вид на отпад го зема истото за приватни цели. Доколу не се откупи ваквиот тип на отпад, истиот се депонира несоодветно на локацијата.

Отпадната вода од перење и дезинфекција на објектите за одгледување на живината се одведува од објектите во два отворени бетонски канали (каналите се изградени од задната страна на објектите, во кругот на фармата), каде водата се впива во земјата. Ваквата отпадна вода претставува мешавина од остатокот од животински измет кое не еотстрането со скреперот, најчесто налепено на подот заедно со водата за перење и средствата за дезинфекција. Милта која што се создрава при тоа го нарушува системот за одведување на отпадните води, т.е ги зачепува бетонските канали. Пракса во инсталацијата е при перење на било која од халите, по нејзиното финално испирање, каналот во кој што се слева отпадната вода механички да се исчисти од милта.

Количината на ваквата мил е околу еден метар кубен и вообичано се расфрла на земјоделската површина која се наоѓа веднаш до границата на инсталацијата.

Емисиите и влијанијата од емисиите најмногу се насочени на воздухот (со непријатна миризба), водите (посебно отпадните води при перењето на халите), а преку нив и емисиите во почвата.

Живино пром ДОО Штип е постоечка инсталацијата, па од таа причина не е возможно да се превземат било какви алтернативи.

Шесте хали за одгледување на живина како и производство на јајца се проектирани и изградени според стандардите кои во времето на проектирањето се сметале за највисоки. Сепак, со цел да се намали влијанието врз животната средина како и да се минимизираат емисиите врз животната средина, можат да се применат препораките кои се дадени во техничкото упатство на Европската унија за Најдобри Достапни Техники (НДТ). Применувајќи ги истите во иднина ќе сеподобри квалитетот на животната средина, а нема да се наруши работата на инсталацијата.

Истите се претставени во Оперативниот план во кој се наведени пет активности:
- Изградба на колекторски систем за зафаќање на атмосферските води;
- Изградба на колекторски систем и резервоар/јама за собирање,третирање и испуштање на отпадната вода од испирање на халите;
- Изградба на плато/складиште со непропуслива бетонска основа и кровна конструкција за привремено одлагање на отпадот од живината;
- Изработка на план за управување со животинскиот измет;

- Склучување на договор за транспорт и одлагање на комуналниот отпад и комерцијалниот отпад од амбалажата.

Спречувањето на загадувањето при активностите на Инсталацијата еприоритетна цел во заштитата на животната средина. Меѓутоа, во дополнение се планираат и спроведуваат мерки за спречување на инциденти, како и за минимизирање на последиците од нив доколку тие се случат.

Во согласност на политиката која што ја води живинарската фарма ЖИВИНО ПРОМ Доо Штип, а таа претендира кон соодветно работење и продолжување на производството на конзумни јајца, не е планирано запирање со работата на инсталацијата. Сепак, со цел да се заштити животната средина треба да се предвидат мерки кои ќе се превземат со цел да се минимизираат влијанијата врз животната средина

**Вкупна површина на инсталацијата Живинарска фарма Живино- пром Доо Штип изнесува 3.3 хектари.**

| **Други интегрирани дозволи поврзани со оваа инсталација** | | |
|---|---|---|
| Сопственик на Дозволата | Број на Дозвола | Дата на издавање |
| Нема | / | / |

| **Заменети дозволи/Согласности/Овластувања поврзани со оваа инсталација** | | |
|---|---|---|
| Сопственик | Референтен број | Дата на издавање |
| А-дозвола за усогласување со ОП за Живинарската фарма ЖИВИНО -ПРОМ Доо Штип | 11-12411/1 | 11.12.2014 год |

## Комуникација

Доколку сакате да контактирате со Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина (во понатамошниот текст Надлежниот орган) во врска со оваа Дозвола, ве молиме наведете го Бројот на Дозволата.

За било каква комуникација, контактирајте го Надлежниот орган Министерството за животна средина и просторно планирање на адресата Бул. Гоце Делчев бр.18 (зграда на МТВ 10 кат), 1000 Скопје, Република Македонија.

## Доверливост

Дозволата го обврзува Операторот да доставува податоци до Надлежниот орган. Надлежниот орган ќе ги стави податоците во јавните регистри, согласно потребите на Законот за животна средина. Доколку Операторот смета дека било кои од обезбедените податоци се деловно доверливи, може да се обрати до Надлежниот орган да ги изземе истите од регистарот, согласно Законот за животна средина. За да и овозможи на Надлежниот орган да определи дали податоците се деловно доверливи, Операторот треба истите јасно да ги дефинира и да наведе јасни и прецизни причини поради кои бара изземање. Операторот може да наведе кои документи или делови од нив ги смета за деловно или индустриски доверливи, согласно Законот за животна средина, чл.55 ст. 2, точка 4. Операторот ќе ја наведе причината поради која Надлежниот орган треба да одобри доверливост. Податоците и причината за доверливост треба да бидат приложени кон барањето за интегрирана еколошка Дозвола во посебен плик.

## Промени во Дозволата

Оваа Дозвола може да се менува во согласност со Законот за животна средина.

**Предавање на Дозволата при престанок на работа на инсталацијата**

При делумен или целосен престанок со работа на инсталацијата, Операторот го известува органот. Со цел барањето да биде успешно, Операторот мора да му покаже на Надлежниот орган, согласно член 120 ст. 3 од Законот за животна средина, дека не постои ризик од загадување и дека не се потребни понатамошни чекори за враќање на местото во задоволителна состојба.

## Пренос на Дозволата

Пред да биде извршен целосен или делумен пренос на Дозволата на друго лице, треба да се изготви заедничко барање за пренос на Дозволата од страна на постоечкиот и предложениот сопственик, согласно член 118 од Законот за животна средина. Доколку Дозволата овластува изведување на посебни активности од областа на управувањето со отпад, тогаш е потребно да се приложи уверение за положен стручен испит за управување со отпад за лицето задолжено за таа активност.

## Преглед на барани и доставени документи

| Предмет | Датум | Коментар |
|---|---|---|
| Барање за добивање А-дозвола за усогласување со оперативен план бр. 11-6912/1 | 03.12. 2007 год | |
| Известување до Живино-Пром ДОО Штип бр. 11-57/1 | 13.01.2014 год | |
| Дополна на барање за добивање А-дозвола за усогласување со оперативен план бр. 11-57/2 | 04.02.2014 год | |
| Дополна на барање за добивање А-дозвола за усогласување со оперативен план бр. 11-3391/1 | 18.03.2014 год | |
| Објава на барање за добивање на А-дозвола за усогласување со оперативен план бр .11-2670/1 | 03.03. 2014 год | |
| Изготвена нацрт А- дозвола за усогласување со ОП | 17.04.2014 год | |
| Објава на нацрт А- дозвола за усогласување со ОП бр.11-4933/1 | 25.04. 2014 год | |
| Одлука за започнување на преговори за усогласување со ОП со Живинарска фарма Живино-Пром ДОО Штип бр. 11-4933/4 | 14.05. 2014 год | |
| Донесување на одлука за започнување на постапка за преговарање со Живинарска фарма Живино-Пром ДОО Штип бр. 11-4933/5 | 14.05. 2014 год | |
| Записник бр.1 од преговори за добивање А-дозвола за усогласување со ОП помеѓу МЖСПП и Живино-Пром ДОО Штип бр 11-4933/7 | 11.06.2014 год | |
| Записник од извршен инспекциски надзор бр. 07-121 | 30.07.2014 год | |
| Издадена А дозвола за усогласување со ОП за Живинарска фарма Живино-Пром ДОО Штип бр 11-12411/1 | 11.12.2014 год,. | |
| Допис бр.11-6920/1 за реализирани активностите од ОП | 28.11.2016 год | |
| Записник од ДЖИС за констатација за реализиран ОП од А-дозвола за усогласување бр15-92 | 01.12.2017 год | |
| Програма за подобрување на Живинарска фарма Живино-Пром ДОО Штип бр.11-4021/1 | 29.06.2018 год | |
| Изготвена Нацрт А-ИЕД за Живинарска фарма Живино-Пром ДОО Штип | | |
| Објава на нацрт А-ИЕД за Живинарска фарма Живино-Пром ДОО Штип во дневен печат | | |

**Дозвола**

Закон за животна средина

# Дозвола

Број на Дозвола

Надлежниот орган за животна средина во рамките на својата надлежност во согласност со член 95 од Законот за животна средина (Службен весник на РМ бр. 53/05;81/95;24/07;159/08;83/09;48/10;124/10;51/11;123/12;93/13;42/14;44/15;129/15;192/15 и 39/16 год) , ја овластува:

Живинарска фарма Живино-пром ДОО Штип
со регистрирано седиште на:

| | |
|---|---|
| **Адреса:** | **ул. Рибник бр. 100** |
| **Поштенски број Град:** | **2000 Штип** |
| **Држава:** | **Република Македонија** |
| **Број на регистрација на компанијата** | **6857728** |

да раководи со Инсталацијата
**Живинарска фарма Живино-пром ДОО Штип**
во рамките на Дозволата и условите во неа.

**М И Н И С Т Е Р**

**Sadulla Duraki**

# 1. Услови

## 1. Инсталација за која се издава Дозволата

1.1.1 Операторот е овластен да изведува активности и/или поврзани активности наведени во Табелите 1.1.1.

| Табела 1.1.1 (а ) Основни активности | | |
|---|---|---|
| **Активност од Анекс 1 од Уредбата за определување на инсталациите за кои се издава Интегрирана Еколошка Дозвола со временски распоред за поднесување оперативни планови** | **Опис на наведената активност** | **Граници на наведената активност** |
| **Прилог 1,<br>Точка 6 - Други дејности<br>6.6 Инсталации за интензивно живинарство со повеќе од:<br>(а) 40.000 места за живина;** | **Производство на 32 000 000 конзумни јајца годишно** | **Производството во инсталацијата ќе се одвива само во халите означени во скицата дадена подолу.** |

| | |
|---|---|
| **Координати на локацијата според Националниот координатен систем (10 цифри - 5 Исток 5 Север)** | 22165 E, 41726 N |



Живинарска фарма Живино-пром ДОО Штип

1.1.2 Активностите овластени во условот 1.1.1 ќе се одвиваат само во рамките на локацијата на инсталацијата, прикажана подолу во планот.

| Табела 1.1.2 | |
|---|---|
| **Документ** | **Координати на локацијата** |
| Мапа на Живинарска фарма Живино-пром ДОО Штип | 22165 E, 41726 N |




**Слика 1.** Мапа на локацијата со географска положба и јасно назначени граници на инсталацијата

1.1.3 Инсталацијата ќе работи, ќе се контролира, ќе одржува и емисиите ќе бидат такви како што е наведено во оваа Дозвола. Сите активности кои треба да се извршат според условите во оваа Дозвола стануваат дел од Дозволата.

Оваа Дозвола е само за потребите на ИСКЗ согласно Законот за животна средина (Службен Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/2010, 51/2011, 123/12, 93/13,187/13 и 42/14) и ништо во оваа Дозвола не го ослободува Операторот од обврските за исполнување на условите и барањата од други закони и подзаконски акти.

1.1.5 Оваа Дозвола не го ослободува операторот од обврските кои не се опфатени со оваа Дозвола, а произлегуваат од постојната законска регулатива.

# 2 Работа на инсталацијата

## 2.1 Техники на управување и контрола

2.1.1 Инсталацијата за која се издава Дозволата, согласно условите во Дозволата, ќе биде управувана и контролирана онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.1.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во пишана форма.

| Табела 2.1.1 Управување и контрола | | |
|---|---|---|
| Опис | Документ | Дата кога е примено |
| Соодветно на описот во дополна на барање за добивање А-дозвола за усогласување со оперативен план | 11-57/2 | 04.02.2014 |

2.1.2 Целата инсталација, опремата и техничките средства користени во управувањето со Инсталацијата за која се издава дозволата ќе бидат одржувани во добра оперативна состојба.

2.1.3 Во инсталацијата за која се издава Дозволата ќе работи персонал кој е соодветно обучен и целосно запознаен со барањата од Дозволата.

2.1.4 Копија од оваа Дозвола и оние делови од барањето на кои се однесува оваа Дозвола ќе бидат достапни во секое време, за целиот персонал вклучен во изведување на работата што е предмет на барањата од Дозволата.

2.1.5 Целиот персонал ќе биде целосно запознаен со оние аспекти од условите од Дозволата, кои се однесуваат на нивните обврски и ќе им биде обезбедена соодветна обука и пишани инструкции за работа, со цел да им помогнат во извршување на нивните обврски.

2.1.6 Операторот ќе изготви програма за управување со животната средина (ПУЖС), со распоред на целите и задачите за заштита на животната средина, со комплетен преглед на сите операции, процеси, опции и можности кои овозможуваат поголема искористеност на енергијата и ресурсите како и можностите кои вклучуваат намалување на отпадот. (ПУЖС) како дел од Годишниот Извештај за Животна Средина (ГИЖС) се доставува до надлежниот орган.

2.1.7 Операторот ќе воспостави и реализира програма за одржување на целата инсталација и соодветната придружна опрема која ќе има ефект врз состојбата на животната средина, врз основа на инструкциите кои се издадени од страна на производителите/доставувачите или инсталаторите на опремата. Операторот јасно ќе ја лоцира одговорноста за планирање, управување и извршување на сите аспекти од оваа програма на соодветните вработени лица.

2.1.8 Операторот ќе воспостави и одржува систем за документација на управувањето со животната средина, кој ќе биде достапен на Надлежниот орган

## 2.2 Суровини (вклучувајќи ја и водата)

2.2.1 Операторот, согласно условите во Дозволата, ќе користи суровини (вклучувајќи ја и водата) онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.2.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во пишана форма.

2.2.2 Секоја промена на суровина наведена во барањето, во Табела IV.1.1 и IV.1.2 , која се употребува во активностите на операторот и технолошкиот процес, а создава опасен отпад, може да се применува со претходна согласност на Надлежниот орган во писмена форма.

| Табела 2.2.1 : Суровини (вклучувајќи и вода) | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Соодветно на описот во дополна на барање за добивање А-дозвола за усогласување со оперативен план | 11-57/2 | 04.02.2014 |

2.2.3 Операторот ќе направи проценка на ефикасноста на употребените суровини во сите процеси, со особено внимание на намалување на создавањето отпад, како на пример создавањето на екскрет, вода од перење на објектите, угинати птици и отпад од пакување кои може да предизвукаат негативни влијанија врз животната средина. Целокупната храна која се употребува во секторот за интензивно живинарство треба да биде во согласност со стандардите пропишани во домашната легислатива. Проценката треба да се базира на најдобрите меѓународни искуства за овој вид на активност. Онаму каде што се идентификувани можни подобрувања, истите треба да се вклучат во Распоредот на целите и задачите за животната средина.

2.2.4 Оператораот се обврзува да обезбеди Дозвола за користење на бунарска вода.

## 2.3 Техники на работа

2.3.1 Инсталацијата за која се издава Дозволата, согласно условите во Дозволата, ќе се води на начин и со примена на техники опишани во документите наведени во Табела 2.3.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во пишана форма.

| Табела 2.3.1 : Техники на работа | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Соодветно на описот во дополна на барање за добивање А-дозвола за усогласување со оперативен план | 11-57/2 | 04.02.2014 |

2.3.2 Пред воведување на производство на било кој нов производ, Операторот треба да достави извештај до Надлежниот орган во кој се наведени процесите што ке

бидат применети као и користените техники за минимизирање на влијанието врз медиумите на животната средина.

## 2.4 Заштита на подземните води

2.4.1 Инсталацијата за која се издава Дозволата, согласно условите во Дозволата, ќе биде контролирана како што е опишано во документите наведени во Табела 2.4.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во пишана форма.

| Табела 2.4.1 : Заштита на подземните води | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Соодветно на описот во дополна на барање за добивање А-дозвола за усогласување со оперативен план | 11-57/2 | 04.02.2014 |

2.4.2 Суровините, меѓупродуктите и производите ќе се складираат на места наменети за тоа, соодветно заштитени против истурање и истекување. Материјалите треба да се јасно означени и соодветно одделени.

2.4.3 Транспортните возила и другите транспортни системи треба редовно да се чистат за да се спречи било какво истекување.

2.4.4 Товарењето и истоварањето на материјалите ќе се извршува на места наменети за тоа и соодветно заштитени од истурање и истекување.

## 2.5 Ракување и складирање на отпадот

2.5.1 Операторот, согласно условите во Дозволата, ќе ракува со и ќе го складира отпадот онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.5.1, 2.5.2 или на друг начин договорен со Надлежниот орган во пишана форма.

| Табела 2.5.1 : Ракување и складирање на отпадот | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Соодветно на описот во дополна на барање за добивање А-дозвола за усогласување со оперативен план | 11-57/2 | 04.02.2014 |

| Табела 2.5.2 : Отпад складиран на самата локација | | | |
|---|---|---|---|
| **Опис на отпадот** | **Место на складирање на самата локација** | **Начин на складирање** | **Услови на складирање** |
| Животински измет ( измет и урина од кокошки)<br><br>( 02 01 06 ) | - Објекти 1,2,3,4,5,6 во збирни канали | На локацијата не се врши складирање на посочениот отпад | Складирањето на отпадот се врши на соодветна локација надвор од инсталацијата , за што постои соодветен договор со превземач |
| Трупови од умрените (угинатите) животни<br><br>( 02 01 99 ) | Не се врши складирање на труповите од умрената живина | - Соодветно на интерна процедура и соодветна регулатива | Секојдневно изнесување на умрената живина согласно договорот со превземачот |
| Хартиени вреќи, хартија и картон<br><br>( 15 01 01 ) | Се складира во складишен простор | Се собира на обележан простор, заградено место, обележано и заштитено | Привремено до превземање од превземач со кој е склучен Договор |
| Пластика<br><br>( 15 01 02 ) | Се складира во складишен простор | Се собира на обележан простор, заградено место, обележано и заштитено | Привремено до превземање од превземач со кој е склучен Договор |
| Медицински отпад<br><br>( 18 02 03 ) | Се складира во складишен простор | Се собира на обележан простор, заградено место, обележано и заштитено | Привремено до превземање од превземач со кој е склучен Договор |
| Старо железо, акомулатори<br>( 16 01 99 )<br>( 16 06 01* ) | Се складира во складишен простор | Се собира на обележан простор, заградено место, обележано и заштитено | Привремено до превземање од превземач со кој е склучен Договор |

2.5.2 Отпадот треба јасно да се означи, соодветно да се оддели и складира во определени места, соодветно заштитени од прелевање и истекување. Опасниот отпад-масла и мазива, нивното пакување и контаминираниот од нив отпад ( независно од количината-минимална) треба да биде обезбеден и од надворешно влијание, без можност за влијание на околината.

2.5.3 На Операторот му се забранува да го меша опасниот отпад од една категорија со опасен отпад од друга категорија или со било каков друг неопасен отпад.

2.5.4 Операторот треба да обезбеди , отпадот пред да се пренесе на друго лице, да биде спакуван и означен согласно националните, европските или други стандарди кои се на сила во врска со таквото означување.

2.5.5 Екскретот привремено складиран на површините пред расфрлањето, треба да биде подалеку од границите на водотеци или други осетливи рецептори, така што било какво поплавување нема да предизвика нарушување на соседството.

2.5.6 Се задолжува Операторот да изготви Програма за управување со отпад согласно законската регулатива и План за управување со хранливите состојки ( за управување. со создаден екстрет и вода од перење на локацијата)

## 2.6 Преработка и одлагање на отпад

2.6.1 Операторот, согласно условите во Дозволата, ќе го преработува и отстранува отпадот онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.6.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во пишана форма.

| Табела 2.6.1 : Искористување и отстранување на отпадот | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Соодветно на описот во дополна на барање за добивање А-дозвола за усогласување со оперативен план | 11-57/2 | 04.02.2014 |
| Договори за превземање на отпад | / | / |
| Договори за превземање на птичјо ѓубриво од приватни лица | / | / |
| Договор за превземање на умрена живина- кога се одлага во сточна јама, со статус на јавен објект | / | / |

2.6.2 Отстранувањето или рециклирањето на отпадот на самата локација ќе се одвива само во согласност со условите од оваа Дозвола и во согласност со соодветната национална и европска легислатива и протоколи.

2.6.3 Начинот на постапуваање со изумрената живина ќе биде во согласност со Законот за нуспроизводи од животинско потекло (Сл. Весник на РМ, бр. 113/07 од 20.09.2007), како и начелата на Добра Фармерска и Добра Хигиенска Практика (НДТ).

2.6.4 Складирањето на создадениот екскрет ќе биде во согласност со НДТ од областа на интензивно одгледување на живина.

2.6.5 Операторот се задолжува да ги обезбеди договорите наведени во табела 2.6.1 со кои ќе ја покрие во целост активноста како предмет на договор. Истите треба да бидат активни во секое време и да бидат на располагање за увид од страна на надлежните органи.

## 2.7 Енергетска ефикасност

2.7.1 Операторот согласно условите во дозволата , ќе употребува енергија како што е опишано во документите наведени во Табела 2.7.1, или на друг начин писмено договорен со Надлежниот орган.

| Табела 2.6.1 : Искористување и отстранување на отпадот | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Соодветно на описот во дополна на барање за добивање А-дозвола за усогласување со оперативен план | 11-57/2 | 04.02.2014 |

2.7.2 Операторот треба да има план за управување со енергијата и мерки за зголемена Енергетска Ефикасност, кој ќе биде дополнуван годишно.

2.7.3 Операторот се задолжува постојано да ги следи и применува техничко-технолошките новитети/решенија во делот на Енергетската Ефикасност, со цел да делува покрај ефикасноста и на намалено загадување

## 2.8 Спречување и контрола на несакани дејствија

2.8.1 Операторот, согласно условите во Дозволата, ќе ги спречи и ограничи последиците од несаканите дејствија, онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.8.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во пишана форма.

**Табела 2.8.1 : Спречување и контрола на несакани дејствија**

| Опис | Документ | Дата кога е примено |
|---|---|---|
| Соодветно на описот во дополна на барање за добивање А-дозвола за усогласување со оперативен план | 11-57/2 | 04.02.2014 |

2.8.2 Планот за спречување на настанување на несакани дејствија треба да биде подржан со соодветни процедури за постапување и одговорност

2.8.3 Планот за постапување во случај на настанување на несакани дејствија треба да биде подржан со соодветни процедури за постапување и одговорности

2.8.4 Плановите од точка 2.8.2 и 2.8.3 треба да бидат изработени во рок од 6 (шест) месеци од издавање на оваа Дозвола и истите да бидат достапни за увид од страна на Надлежниот орган

2.8.5 Во случај на пожар или излевање на водата за гасење на пожари, излеаната вода треба да биде задржана. Операторот треба ја испита можноста за автоматско пренасочување на водата за гасење на пожари во зафатни базени .

2.8.6 Во случај на несреќа, Операторот треба веднаш да:

- го изолира изворот на било каква емисија;
- спроведе неодложна истрага за да ги идентификува природата, изворот и причината на било каква емисија која произлегува од тоа;
- го процени загадувањето на околината, доколку има, предизвикано од инцидентот;
- ги идентификува и спроведе мерките за минимизирање на емисиите/ нефункционирањето и ефектите кои следуваат;
- го забележи датумот и местото на несреќата;
- го извести Надлежниот орган и другите релевантни власти.

2.8.7 Операторот ќе достави предлог до Надлежниот орган во рок од 1 (еден) месец од несреќата или како што е одобрено од страна на Надлежниот орган да:

- Идентификува и постави мерки за да се избегне повторно случување на несреќата, и
- Идентификува и постави други погодни активности за ремедијација.

## 2.9 Бучава и вибрации

2.9.1 Операторот, согласно условите во Дозволата, ќе ја контролира бучавата и вибрациите како што е опишано во документите наведени во Табела 2.9.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во пишана форма.

| Табела 2.9.1 : Бучава и вибрации | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Соодветно на описот во дополна на барање за добивање А-дозвола за усогласување со оперативен план | 11-57/2 | 04.02.2014 |

2.9.2 Резултатите од мерењата ќе бидат ставени на располагање за инспекција на лицата овластени од страна на Надлежниот орган во било кое разумно време, а краток извештај од овие записи ќе се вклучи во ГИЖС.

## 2.10 Мониторинг

2.10.1 Операторот, согласно условите во Дозволата, ќе изведува мониторинг, ќе го анализира и развива истиот како што е опишано во документите наведени во Табела 2.10.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во пишана форма.




Мерни места на емисии

| Табела 2.10.1 : Мониторинг | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Соодветно на описот во дополна на барање за добивање А-дозвола за усогласување со оперативен план | 11-57/2 | 04.02.2014 |

2.10.2 Операторот ќе го овозможи следното:

а) безбеден и постојан пристап за земање примероци/мониторинг на емисионите точки.

б) безбеден пристап до други точки за земање примероци/мониторинг, кога тоа ќе го побара Надлежниот орган.

2.10.3 Фреквенцијата, методите и обемот на мониторингот, земањето примероци и анализата може да се изменат во согласност со Надлежниот орган, по претходна евалуација на резултатите од извршените мерења..

2.10.4 При мониторинг на подземни води Операторот ќе обезбеди опремата за земање примероци од подземни води да биде инсталирана на локацијата и спремна за употреба во секое време.

2.10.5 Земањето примероци и анализата на сите загадувачи како и референтните методи за калибрирање на автоматизираните мерни системи ќе се вршат во согласност со CEN стандардите. Доколку овие стандарди не се достапни, ќе се користат ISO, национални или меѓународни стандарди кои ќе обезбедат собирање на податоци од еквивалентен научен квалитет.

2.10.6 На оние места каде можноста за мерење на параметарот е под влијание на мешање пред емисија, тогаш во согласност со Надлежниот орган, параметарот може да се оцени пред да се случи мешањето.

## 2.11 Престанок на работа

2.11.1 Операторот, согласно условите во Дозволата, ќе обезбеди услови за престанок на работата на инсталацијата како што е опишано во документите наведени во Табела 2.11.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во пишана форма.

| **Табела 2.11.1 : Престанок на работа** | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е применo** |
| Соодветно на описот во дополна на барање за добивање А-дозвола за усогласување со оперативен план | 11-57/2 | 04.02.2014 |

2.11.2 План за престанок со работа и управување со остатоци:
Планот ќе се ревидира годишно и предложените измени ќе се доставаат до Надлежниот орган како дел од ГИЖС.

2.11.3 Во рок од 3 (три) месеци од извршување на планот, Операторот треба да поднесе до Надлежниот орган финален извештај за потврда кој ќе вклучи и сертификат за комплетирање на планот за управување со остатоци. Операторот треба да ги изврши сите потребни тестови и анализи, вклучувајќи и сертификат, онака како што бара Надлежниот орган, со цел да покаже дека не постои понатамошен ризик по животната средина.

2.11.4 Како дел од ГИЖС, Операторот треба да обезбеди годишен извештај за преземените или предвидените мерки во врска со спречување на штети по животната средина и да предвиди финансиски средства потребни за ремедијација која ќе следи по конечниот престанок со работа на инсталацијата, како и по инцидентите.

## 2.12 Инсталации со повеќе Оператори

2.12.1 Со инсталацијата за која се издава оваа Дозвола управува само еден Оператор.

# 3 Документација

3.1.1 Документацијата ("Специфицирана Документација") ќе содржи податоци за:

а) секоја неисправност, дефект или престанок со работа на постројката, опремата или техниките (вклучувајќи краткотрајни и долготрајни мерки за поправка) што може да има, имало или ќе има влијание врз животната средина што се однесуваат на инсталацијата за која се издава Дозволата. Овие записи ќе бидат чувани во дневник воден за таа цел;

б) целиот спроведен мониторинг и земањето примероци и сите проценки и оценки направени на основа на тие податоци.

3.1.2 За инспекција од страна на Надлежниот орган во било кое пристојно време ќе бидат достапни:

а) специфицираната документација;

б) било кои други документи изготвени од страна на Операторот а поврзани со работата на инсталацијата за која се издава Дозволата („Други документи").

3.1.3 Копија од било кој специфициран или друг документ ќе му биде доставен на Надлежниот орган на негово барање и без надокнада.

3.1.4 Специфицираните и другите документи треба да:

а) бидат читливи;

б) бидат изготвени што е можно побрзо;

в) ги вклучат сите дополнувања и сите оригинални документи кои можат да се приложат.

3.1.5 Операторот е должен специфицираната и другата документација да ја чува за време на важноста на оваа Дозвола, како и пет години по престанокот на важноста.

3.1.6 За целиот примен или создаден отпад во инсталацијата за која што се издава Дозволата, Операторот ќе има документација (и ќе ја чува истата за време на важноста на оваа Дозвола, како и пет години по престанокот на важноста) за

- Составот на отпадот, или онаму каде што не е можно, опис;
- Најдобра проценка на создадената количина отпад;
- Трасата на транспорт на отпадот за отстранување;
- Најдобра проценка на количината отпад испратен на преработка;
- Тонажа и МКО код за увезените отпадни материјали и/или испратени надвор од локацијата за отстранување/ рециклирање;
- Имињата на пренесувачите на отпадот и нивните детали од Дозволата за собирање на отпад, ако е потребно ( вклучувајќи го Надлежниот орган кој ја издал и регистарскиот број на возилото);
- Детали за крајната дестинација на отстранување/рециклирање на отпадот и нејзината погодност да ја прифати пратката отпад, да ја вклучи својата Дозвола/детали од Дозволата и органот кој ја издал, ако е потребно;
- Писмена потврда за прифаќањето и отстранувањето/преработката на опасен отпад испратен надвор од локацијата;

- Детали од сите отпади кои се испратени во странство за преработка и класифицирани како Зелени во согласност со ЕУ регулативите за прекугранични транспорт на отпад (регулатива на Советот ЕЕС 259/1993, соодветно дополнета). Образложението за класификацијата ќе биде дел од документацијата;
- Детали за сите одбиени пратки;
- Детали за секое одобрено мешање на отпад;
- Тонажите и МКО кодот за отпадните материјали кои се рециклирани/одложени на локацијата;
- Резултатите за сите анализи побарани со оваа Дозвола.

3.1.7 Операторот на инсталацијата за којашто се издава оваа Дозвола ќе изготви записник, доколку постојат жалби или тврдења за нејзиното влијание врз животната средина. Во записникот треба да стои датум и време на жалбата кратко резиме доколку имало било каква истрага по таа основа, резултати од истата како и корективните и превентивни мерки преземени за истата. Таквите записи треба да бидат чувани во дневник воден за таа цел.

# 4 Редовни извештаи

4.1.1 Сите извештаи и известувања што ги бара оваа дозвола, операторот ќе ги испраќа до Надлежниот орган за животна средина.

4.1.2 Извештаите ќе се поднесат како што е резимирано во Додаток 2, или на друг начин како што е наведено во Дозволата.

4.1.3 Сите извештаи ќе бидат потпишани од страна на назначено овластено лице од инсталацијата.

4.1.4 Операторот ќе поднесе до Надлежниот орган, најдоцна до 31- ви Март секоја година, ГИЖС кој ја покрива претходната календарска година. Овој извештај, кој треба да биде доставен до Надлежниот орган, треба да ги вклучи како минимум, информациите специфицирани во следната Табела: Содржина на Годишниот Извештај за Животна Средина од оваа Дозвола треба да се подготви со било кои релевантни упатства кои се издадени од страна на Надлежниот Орган.

4.1.5 Операторот ќе подготви и одржува РИПЗМ за локацијата. Супстанциите кои треба да се вклучат во РИПЗМ треба да бидат доставени до Надлежниот орган секоја година по референтната листа која што ќе биде специфицирана во упатството за ГИЖС од Надлежниот орган. РИПЗМ треба да се подготви во согласност со било кои релевантни упатства кои се издадени од страна на Надлежниот Орган и треба да се поднесат како дел од ГИЖС.

| **Годишен извештај за животна средина - Содржина** |
|---|
| Емисии од инсталацијата. (поднесување на РИПЗМ + согласност со ГВЕ) |
| Евиденција за управување со отпад |
| Преглед за потрошувачка на суровини. |
| Резиме на забелешки (жалби/поплаки). |
| Распоред на цели и задачи за животната околина. |
| Програма за управување со животната средина - извештај од претходната година. |
| Програма за управување со животната средина - предлог за тековната година. |
| Регистар на загадувачки емисии - извештај од претходната година. |
| Регистар на загадувачки емисии - предлог за тековната година. |
| Резиме на извештајот за мониторинг на бучава. |
| Резиме на мониторингот на животната средина. |
| Резиме на пријавени инциденти. |
| Резиме од извештај за ефикасност на енергијата. |
| Извештај за утврдување на ефикасноста од користење на суровини во процесот и редукција на генерираниот отпад. |
| Извештај за прогресот кој е направен и развиените предлози за да се минимизира побарувачката на вода и волуменот на испуштање на отпадана вода. |
| Сите други предмети специфицирани од страна на Надлежниот орган |

# 5 Известувања

5.1.1 Операторот ќе го извести Надлежниот орган **без одложување**:

а кога ќе забележи емисија на некоја супстанција која го надминува лимитот или критериумот на оваа дозвола, наведен во врска со таа супстанција;

б кога ќе забележи фугитивна емисија што предизвикала или може да предизвика загадување, освен ако емитираната количина е многу мала да не може да предизвика загадување;

ц кога ќе забележи некаква неисправност, дефект или престанок на работата на постројката или техниките, што предизвикало или има потенцијал да предизвика загадување; и

д било какво несакано дејство што предизвикало или има потенцијал да предизвика загадување.

5.1.2 Операторот треба да достави писмена потврда до Надлежниот орган за било кое известување од условот 5.1.1 согласно Распоредот 1 од оваа дозвола, преку испраќање на податоци наведени во Делот А од Распоредот 1 од оваа дозвола во рок од 24 часа од ова известување. Операторот ќе испрати подетални податоци наведени во Делот Б од тој Распоред, што е можно побрзо.

5.1.3 Операторот ќе даде писмено известување што е можно побрзо, за секое од следниве

а перманентен престанок на работата на било кој дел или на целата инсталација, за која се издава дозволата;

б престанок на работата на некој дел или на целата инсталација за која се издава дозволата, со можност да биде подолго од 1 година; и

ц повторно стартување на работата на некој дел или целата инсталација за кој што се издава дозволата, по престанокот по известување според 5.1.3 (б).

5.1.4 Операторот ќе даде писмено известување во рок од 14 дена пред нивното појавување, за следниве работи:

**i** било каква промена на трговското име на Операторот, регистарско име или адресата на регистрирана канцеларија;

**ii** промена на податоците за холдинг компанијата на операторот (вклучувајки и податоци за холдинг компанијата кога операторот станува дел од неа);

**iii** за активности кога операторот оди во стечај склучува доброволен договор или е оштетен;

# 6 Емисии

## 6.1 Емисии во воздух

6.1.1 Емисиите во воздух од точките на емисија наведени во Табела 6.1.1, ќе потекнат само од изворите наведени во таа Табела (определени во Барањето за добивање А-Дозвола за усогласување со оперативен план).

| Табела 6.1.1 : Емисиони точки во воздухот | | |
|---|---|---|
| **Ознака на точка на емисија/опис** | **Извор** | **Локација на точката на емисија** |
| **AA1** | **Вентилационен отвор на хала за одгледување кокошки несилки** | 41°43'31.04"N<br>22° 9'56.16" E |
| **AA2** | **Вентилационен отвор на хала за одгледување кокошки несилки** | 41°43'31.66"N<br>22° 9'54.75" E |
| **AA3** | **Вентилационен отвор на хала за одгледување кокошки несилки** | 41°43'32.23"N<br>22° 9'53.27"E |
| **AA4** | **Вентилационен отвор на хала за одгледување кокошки несилки** | 41°43'33.09"N<br>22° 9'57.22"E |
| **AA5** | **Вентилационен отвор на хала за одгледување кокошки несилки** | 41°43'33.47"N<br>22° 9'55.65"E |
| **AA6** | **Вентилационен отвор на хала за одгледување кокошки несилки** | 41°43'33.87"N<br>22° 9'54.15"E |

6.1.2 Границите на емисиите во воздух за параметрите и точките на емисија наведени во Табелата 6.1.2 нема да бидат пречекорени во соодветниот временски период.

6.1.3 Операторот ќе врши мониторинг на точките на емисија и параметрите наведени во Табелата 6.1.2, на фрекфенции специфицирани во нea.

| Табела 6.1.2: Гранични вредности на емисии во воздух | | | |
|---|---|---|---|
| **Параметри** | **Ознака на точка на емисија: AA1, AA2, AA3, AA4, AA5 и AA6**<br>Вентилационен отвор на хала за одгледување кокошки несилки | | **Фреквенција на мониторинг** |
| | | ГВЕ | |
| Вкупна прашина | (mg/Nm$^3$) | 50 | Два пати годишно |
| Амонијак $NH_3$ | Ppm v/v | 50 | Два пати годишно |
| Чад (ринглеманов тест) | | 1 | Два пати годишно |

6.1.4 Сите емисии од инсталацијата не треба да содржат нападен мирис надвор од границите на инсталацијата .

АМБИЕНТАЛЕН ВОЗДУХ

**Операторот должен е да ја применува Уредбата за гранични вредности за нивоа и видови на загадувачки супстанции во Амбиенталниот воздух Сл.В. на Р.Македонија бр. 50/05, односно постојната регулатива поврзана со Амбиенталниот воздух.**

## 6.2 Емисии во почва

6.2.1 Операторот се задолжува да го извести Надлежниот орган за секоја промена во работењето на инсталацијата која може да има влијание на почвата.

6.2.2 Не се дозволува влијание на почвата од привременото складирање на отпаден материјал, до и за време на неговото превземање од овластено лице..

6.2.3 Патната мрежа која е во рамките на инсталацијата ќе се одржува така да нема остатоци од прашина предизвикани од возилата кои влегуваат или излегуваат од инсталацијата. Таквата прашина или други исталожени материјали ќе бидат отстранети без одложување и без влијание на почвата.

6.2.4 Операторот треба да обезбеди активностите од своето работење да бидат спроведувани на начин кој ќе обезбеди да не постои можност за директно влијание на почвата, како и за надворешно влијание кое создава индиректни емисии во почвата.

## 6.3 Емисии во вода (различни од емисиите во канализација)

6.3.1 Емисии во вода од точки на емисија наведени во Табела 6.3.1 ќе потекнуваат само од изворите наведени во таа Табела.

| **Табела 6.3.1 : Точки на емисија во вода** | | |
|---|---|---|
| Ознака на точка на емисија | Извор | Количество |
| | | |

**Забелешка:** Од инсталацијата нема испуштање на вода во реципиент.

| **Табела 6.3.2 : Граници на емисија во вода** | | |
|---|---|---|
| **Ознака на точка на емисија :** | | |
| Параметар | ГВЕ (mg/l) | Фреквенција на мониторинг |
| | | |

6.3.2 Создадената отпадна вода од миењето на објектите треба да се собира и складира на начин и место прифатливо за животната средина и истата треба да се расфрла одделно од екскретот. Обемот на расфрлање не треба да надминува 25 mm/hr во чувствителни области и 50mm/hr во останати случаи.

## 6.4 Емисии во канализација

6.4.1 Емисиите во канализација од точката(ите) на емисија наведени во Табела 6.4.1 ќе потекнуваат само од изворот(ите) наведени во таа Табела.

| Табела 6.4.1 Точка на емисија во канализација ( нема ) | | |
|---|---|---|
| **Ознака на точката на емисија** | **Извор** | **Канализација** |
| | | |

Забелешка:**Нема емисии во канализација за предметната инсталација. Испуштање на отпадна вода е во интерна канализација, а од таму во септичка јама со доволен капацитет за празнење на подолг временски рок.**

## 6.5 Емисии на топлина

6.5.1. Од инсталацијата за која се издава оваа Дозвола нема да има емисии на топлина кои значително ќе влијаат врз животната средина.

## 6.6 Емисии на бучава и вибрации

6.6.1 Не се дозволува активностите на локацијата да доведат до зголемување на нивоата на бучава, дадени подолу, на местата специфицирани како осетливи на бучава

- Дење (Lд) 60 dBA
- Вечер (Lв) 60 dBA
- Ноќе (Lн) 55 dBA

6.6.2 Операторот ќе врши преглед на бучавата на локацијата на годишно ниво. Програмата за преглед на бучавата треба да е во согласност со најдобрата пракса на ЕУ.

6.6.3 Изборот на мерните места, бројот на мерни места и начинот на мерење треба да биде во согласност со постојната регулатива.

# 7 Пренос до пречистителна станица за отпадни води

**7.1. Од инсталацијата за која се издава оваа дозвола нема да има трансфер на отпадната вода од активноста во пречистителна станица.**

# 8. Услови надвор од локацијата

8.1. Операторот е должен во случај на нарушување на амбиенталниот воздух во околината со непосредно влијание од неговата активност и покрај задоволувањето на поставените гранични вредности на емисија, како резултат на отстапување од вообичаените атмосферски движења, да превземе соодветни мерки во процесот на производство, а со цел на намалување на создаденото загадување.

8.2. Операторот се задолжува во духот на добар стопанственик да има непосредни контакти со месното население и установите во зоната на влијание на неговите активности, со презентирање на резултати од мерења и активности кои се превземаат за создавање и одржување на прифатливи услови на живеење.

8.3. Расфрлањето на животинскиот отпад треба да се извршува според однапред изготвен план, користејќи ја најдобрата фармерска пракса, позитивната регулатива за земјоделство и анализите на почвата каде се врши расфрлањето.

# 9 Програма за подобрување

9.1 Операторот ќе ги спроведе договорените мерки наведени во Табела 9.1.1, заклучно со датумот наведен во таа табела и ќе испрати известување во пишана форма до Надлежниот орган за датумот кога била комплетирана секоја мерка, во рок од 14 дена од завршувањето на секоја од тие мерки.

| Табела 9.1.1 : Програма за подобрување | | |
|---|---|---|
| **Озн ака** | **Мерка** | **Датум на завршување** |
| 9.1 | **Активност бр.1**<br>**Набавка и инсталирање на бочен и тунелски систем за вентилација и ладење на два објекти**<br>Поради зголемување на енергетската ефикасност како и намалување на бучавата,а истовремено се оптимизираат микроклиматските услови во објектите.<br>Од овие причини ќе бидат инсталирани посоќените системи . | **Април, 2019 год** |
| 9.2 | **Активност бр.2**<br>**Набавка и инсталирање на опрема кафезен систем за несилки по ЕУ стандарди и лента за суво изѓубрување за три објекти**<br>Заради усогласување со Законот за благосостојба на животните во РМ, како и намалување на минимум на штетните емисии во воздух ќе се инсталира посочената опрема. | **Април, 2019 год** |
| 9.3 | **Активност бр.3**<br>**Набавка на пумпа за перње под висок притисок**<br>Поради перење на објектите, како и намалување на потрошената количина на вода, а со тоа и намалување на количината на отпадна вода која се создава при перење на објектите по завршување на турнусот, ќе се набави посочената пумпа | **Јули, 2018 год** |

9.2 Со издавање на оваа дозвола Операторот не се ослободува од обврската за примена на НДТ и законската регулатива, кои ќе станат активни во периодот на реализација на оперативниот план-Табела 9.1.1.

9.3 Документацијата која е основ за реализација на активностите од оперативниот план, операторот ќе ја стави на увид на Надлежниот орган за издавање на оваа дозвола, по негово барање.

## Табела на активностите од програмата за подобрување во Живинарска фарма Живино-Пром Доо Штип

| Рбр | Активност | Финансирање по години/денари | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 2018 | 2019 | Вкупно |
| 1 | Набавка и инсталирање на бочен и тунелски систем за вентилација и ладење на два објекти | | x | 3.000.000 ден |
| 2 | Набавка и инсталирање на опрема кафезен систем за несилки по ЕУ стандарди и лента за суво изѓубрување за три објекти | | x | 6.000.000 ден |
| 3. | Набавка на пумпа за перње под висок притисок | x | | 73.000 ден |
| | Вкупно | | | 9.073.000 ден |

# 10 Договор за промени во пишана форма

10.1 Кога својството или како што е друго договорено во пишана форма се користи како во услов од Дозволата, Операторот ќе бара таков договор на следниот начин:

10.1.1 Операторот ќе му даде на Надлежниот орган известување во пишана форма за деталите на предложената промена, означувајќи го релевантниот(те) дел(ови) од оваа Дозвола: и

10.1.2 Ваквото известување ќе вклучува проценка на можните влијанија на предложената промена (вклучувајќи создавање отпад) како ризик за животната средина од страна на инсталацијата за која се издава Дозволата.

10.2 Секоја промена предложена според условот 10.1.1 и договорена во пишана форма со Надлежниот орган, може да се спроведува само откако Операторот му даде на Надлежниот орган претходно известување во пишана форма за датата на спроведување на промената. Почнувајќи од тој датум, Операторот ќе ја управува инсталацијата согласно таа промена и за секој релевантен документ што се однесува на тоа, Дозволата ќе мора да се дополнува.

10.3 Секоја промена на или реконструкција во смисол на, активноста или некој нејзин дел кој може или би можел да резултира со

10.3.1 Промена на материјалот или зголемување на:

- природата или количеството на било која емисија;
- системот за намалување/третман или рециклирање;
- опсегот на процесите кои треба да се извршат;
- горивата, суровините, меѓупроизводите, производите или создадениот отпад; или

10.3.2 Било каква промена на:

- инфраструктурата на управување со локацијата или контрола со негативен ефект врз животната средина;
- било какви промени на преземачот;
- било каква промена која може да има влијание врз животната средина,
- ќе се изведува или ќе започне само со претходно известување и одобрение од страна на Надлежниот орган.

# Додаток 1

## Писмена потврда за известувања

Овој Додаток ги прикажува информациите што Операторот треба да ги достави до Надлежниот орган за да го задоволи условот 5.1.2 од оваа Дозвола.

Мерните единици користени во податоците прикажани во делот А и Б треба да бидат соодветни на условите на емисијата. Онаму каде што е можно, да се направи споредба на реалната емисија и дозволените граници на емисија.

Ако некоја информација се смета за деловно доверлива, треба да биде одделена од оние што не се доверливи, поднесена на одделен лист заедно со барање за комерцијална доверливост во согласнот со Законот за животна средина.

Потврдата треба да содржи

### *Дел А*

- ☐ Име на Операторот.
- ☐ Број на Дозвола.
- ☐ Локација на инсталацијата.
- ☐ Датум на доставување на податоци.
- ☐ Време, датум и локација на емисијата.
- ☐ Карактеристики и детали на емитираната(ите) супстанција(и), треба да вклучува:
- ☐ Најдобра проценка на количината или интензитетот на емисија, и времето кога се случила емисијата.
- ☐ Медиум на животната средина на кој што се однесува емисијата.
- ☐ Превземени или планирани мерки за стопирање на емисијата.

### *Дел Б*

- ☐ Други попрецизни податоци за предметот известен во Делот А.
- ☐ Превземени или планирани мерки за спречување за повторно појавување на истиот проблем.
- ☐ Превземени или планирани мерки за исправување, лимитирање или спречување на загадувањето или штетата на животната средина што може да се случи како резултатна емисијата.
- ☐ Датуми на сите известувања од Делот А за време на претходните 24 месеци.
- ☐ Име ☐ Пошта.................................
- ☐ Потпис ☐ Датум
- ☐ Изјава дека потпишаниот е овластен да потпишува во име на Операторот.

# Додаток 2

## Извештаи за податоците од мониторингот

| Табела Д2: Извештаи за податоците од мониторингот за точките AA1,AA2,AA3,AA4,AA5 и AA6 | | |
|---|---|---|
| **Параметар** | **Период за давање извештаи** | **Почеток на периодот** |
| **Вкупна прашина** | **Два пати годишно** | **01.03.2014 год** |
| **Амонијак $NH_3$** | | |
| **Чад (ринглеманов тест)** | | |

| Табела Д2: Извештаи за податоците од мониторингот | | | |
|---|---|---|---|
| **Параметар** | **Точка на емисија** | **Период за давање извештаи** | **Почеток на периодот** |
| **Вкупна прашина** | **AA1,AA2,AA3,AA4,AA, AA6** | **Годишно** | **До 31 Март секоја година** |
| **Амонијак $NH_3$** | | | |
| **Чад (ринглеманов тест)** | | | |
| | | | |
| **Годишен извештај за животна средина** | **Годишно** | | **До 31 Март секоја година** |
| **Евиденција на инциденти** | **Како се случуваат** | | **Во рок од 3 (три) дена по инцидентот** |
| **Емисии во воздух и вода** | **Согласно табела Д2** | | |
| **Отпад** | **Годишно** | | **Десет дена по истекот на календарската година** |
| **Енергетска ефикасност** | **Годишно** | | **Десет дена по истекот на календарската година** |
| **Потрошена вода** | **Годишно** | | **Десет дена по истекот на календарската година** |

# Додаток 3

## 1.1 Пенали како мерка за исполнување на обврските од Дозволата

1.1.1 Со овој додаток се утврдуваат пенали како мерка за исполнување на обврските содржани во оваа Дозвола за усогласување со оперативен план од страна на операторот на инсталацијата

1.1.2 Операторот е должен да ги исполни сите услови , мерки и временски рокови пропишани во Дозволата, како и мерките со временски рокови пропишани во оперативниот план кој е составен дел на дозволата

## 1.2 Определување на пенали

1.2.1` Надлежниот орган како мерка за реализација на оперативниот план од оваа дозвола определува пенали во висина од 10% од вредноста на соодветната нереализирана активност од оперативниот план.

1.2.2 Овластениот инспектор за животна средина доколку утврди неисполнување на обврските од страна на операторот со инсталацијата согласно оперативниот план , ќе донесе решение со што ќе го задолжи операторот да постапи согласно оперативниот план и законските обврски.

## 1.3 Присилна наплата

1.3.1 Надлежниот орган по конечноста на решението во управна постапка ќе спроведе постапка за извршување на пеналите согласно "Законот за извршување" и ќе спроведе присилна наплата во согласност со определената висина на пенали во однос на вредноста на нереализираната активност од оперативниот план.

1.3.2 Постапката за извршување на пенали не го ослободува операторот од обврската за реализација на активноста од оперативниот план за која е спроведена постапката.